*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 11 16 октомври 2006 година Ш т и п | ГОДИНА XLIII |


218.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

I

Се објавува Решението за престанок на мандат.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3003/2
13 октомври 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

219.

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", бр 5/02), член 35 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гланик на Општината Штип", број 7/05) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ

Член 1

На **Илчо Захариев** избран за член на Советот на Општината Штип од ВМРО-Народна партија, поради неспоивост на функцијата член на Совет со функцијата директор на Бирото за лекови му престанува мандатот член на Советот на Општината Штип.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3003/1
12 октомври 2006 година

Штип

Претседател
на Советот на Општина Штип,

Драги Илиев, с. р.

220.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3004/2
13 октомври 2006 година

Штип

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

221.

Врз основа на член 7 и член 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип, **се избираат**:

   1. за претседател:
      - **Ѓеорги Ѓеоргиев**

   2. за членови:
      - **Митре Димов**
      - **Цвета Давиткова**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3004/1
12 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

222.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3005/2
13 октомври 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

223.

Врз основа на член 8 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се усвојува Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Извештајот на Верификационата комисија е составен дел на овој Заклучок.

III

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3005/1
12 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

224.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3006/2
13 октомври 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

225.

Врз основа на член 34 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 18 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 9 и 11 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општината Штип

    1. Горан Даскалов

2. Свечената изјава на советникот е составен дел на ова Решение.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3006/1
12 октомври 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општина Штип,

Драги Илиев, с. р.

226.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КАНДИДАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3007/2
13 октомври 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

227.

Врз основа на член 15 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
НА КАНДИДАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА
СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател и членови на Кандидационата комисија на Советот на Општината Штип, **се избираат**:

    1. за претседател:
    - **Горан Карашов**

2. за членови:
    - **Ванчо Хубрев**
    - **Омер Демиров**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3007/1
12 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

228.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КАНДИДАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот на Кандидационата комисија на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-3008/2 | Градоначалник |
| 13 октомври 2006 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

229.

Врз основа на член 14 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА КАНДИДАЦИОНАТА КОМИСИЈА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се усвојува Извештајот на Кандидационата комисија за предлог кандидат за претседател на Советот на Општината Штип.

II

Извештајот на Кандидационата комисија е составен дел на овој Заклучок.

III

Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето.

| | |
|---|---|
| Број 0701-3008/1 | Претседател |
| 12 октомври 2006 година | на Советот на Општина Штип, |
| Ш т и п | Драги Илиев, с. р. |

230.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за избор на претседател на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3009/2
13 октомври 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

231.

Врз основа на член 47 точка 1 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 19 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. За претседател на Советот на Општината Штип, **се избира**:

   - **Драги Илиев**

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0701-3009/1
12 октомври 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
Драги Илиев, с. р.

232.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОР И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

I

Се објавува Решението за измена и дополнување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3010/2
13 октомври 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

233.

Врз основа на член 32 став 2, 3 и 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 31, а во врска со член 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОР И ИМЕНУВАЊА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ШТИП

1. Од претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општината Штип **се разрешува** Илчо Захариев, поради неспоивост на функциите директор на Бирото за лекови и член на Советот на Општината.

2. За претседател на Комисијата за мандатни прашања, избор и именување на Советот на Општината Штип **се именува** Горан Даскалов.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3010/1
12 октомври 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

Драги Илиев, с. р.

234.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ
И ПРИЗНАНИЈА

I

Се објавува Одлуката за востановување на општински награди и признанија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-3011/2
13 октомври 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

235.

Врз основа на член 10 и 21 точка 32 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 12 октомври 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ
НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Член 1

Во Општината Штип се востановуваат општински награди и признанија.

Награди се доделуват по повод 8ми Ноември - Денот на град Штип (во натамошниот текст: Награда 8ми Ноември).

Признанија се доделуваат за други поводи.

За доделување награди и признанија Советот на Општината Штип донесува одлука.

Член 2

Наградата 8ми Ноември е највисока општинска награда што ја доделува Советот на Општината Штип по повод Денот на град Штип.

Наградата 8ми Ноември е во форма на плакета која го содржи грбот на Општина Штип.

Наградата се востановува и за првпат ќе се додели од 2006 година а понатаму ќе се доделува секоја петта година по повод годишнината на денот на градот на свечена седница на Советот, а ја врачува градоначалникот на Општината Штип.

Член 3

Наградата 8ми Ноември се доделува на истакнати личности и правни лица кои имаат посебни заслуги и придонес во афирмацијата и развојот на градот во петогодишниот период во областите: образование, наука, уметност, спорт, стопанство, хуманост и др.

За секоја од областите од став 1 на овој член се доделува по една плакета.

Член 4

Признание се доделува за постигнати резултати во доменот на јавно - политички, стопански, научно-истражувачки работи, како и за особени заслуги од областа на културата, иноваторството, здравството, социјалната политика, спортот и во областа за заштитата и унапредувањето на животната средина.

Признанието се доделува на поединци, граѓани на Општината Штип или на други граѓани, правни лица, владини, невладини организации кои преку лично залагање дале особен придонес за градот во рамките на споменатите области во последната календарска година. Признанието го врачува градоначалникот на свечена седница.

Член 5

Кандидатите за носители на наградата 8ми Ноември и Признание се предлагаат до Советот на Општината Штип од страна на организации, здруженија и поединци врз основа на претходно објавен конкурс и утврдени критериуми.

Критериуми за доделување на награди и признанија се:

- кандидатите со своето професионално, лично и тимско ангажирање да придонеле кон афирмацијата на градот и развојот во определени области;
- резултатите на нивното ангажирање да се валоризирани и да претставуваат пример на веќе потврдени и општопризнати вредности;
- приоритет имаат кандидатите кои се веќе носители на високи признанија и награди на републичко и повисоко меѓународно ниво;
- кандидатите со својот авторитет и ангажирање да претставуваат синоним на поборник за унапредување на севкупните добра во определената област;

- кандидатите сами по себе со нивното номинирање да придонесуваат кон издигнување и надградба на реномето на наградата како симбол на општо признание од највисок општински ранг.

Член 6

Конкурсот го распишува Комисијата за доделување на Награди 8ми Ноември и признанија именувана од Советот на Општината Штип.

Добиените предлози ги разгледува Комисијата.

Конечната одлука за доделување награди или признанија ја донесува Советот по предлог на Комисијата.

Член 7

Добитниците на Општинското признание можат да бидат носители и на Наградата 8ми Ноември.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-3011/1
12 октомври 2006 година
Штип

Претседател
на Советот на Општина Штип,
Драги Илиев, с. р.

236.

Врз основа на член 43 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 52/05), член 105 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ", број 62/05) и член 36 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), градоначалникот на Општината Штип на 9 октомври 2006 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛАТИ, ДОДАТОК НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И ПОМОШНИ РАБОТИ ВО ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Со овој Правилник се утврдува основната плата, додаток на плата и надоместоци на плата на вработените кои вршат администратвно-технички работи и помошни работи во Општината Штип.

Член 2

Работникот кој склучил договор за вработување има право на заработувачка-плата, согласно Закон, Правилникот за плати, Колективениот договор и Договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување е во парична форма.

Член 3

Основната плата се определува согласно условите на работното место за кое работникот склучил договор за вработување.

Основната плата е изразена во бодови.

Висината на бодот ја утврдува градоначалникот врз основа на утврдениот буџет на Општината (ставка плати и надоместоци на плати) за секоја тековна година.

Член 4

Бројот на бодовите за секое работно место се утврдува според сложеноста на работата, која зависи од степенот на образованието потребен како услов за засновање на работен однос, а утврден во актот за организација и систематизација на работното место на Општината Штип, и тоа:

занимање од I група
(без приученост) I степен на стручна подготовка

| | | |
|---|---|---|
| 1. | одржувач на простории | 160 бода |
| 2. | работник во бифе (кафекувар) | 163 бода |

занимање од II група
сложеност за кое е потребно II степен на стручна подготовка
основно образование со дополнителни знаења и вештини

| | | |
|---|---|---|
| 1. | курир | 168 бода |
| 2. | полски чувар | 174 бода |
| 3. | ложач на парни котлови | 201 бод |

занимање од III група
сложеност за кое е потребно III степен на стручна подготовка
односно тесно квалификувани и стручни профили

| | | |
|---|---|---|
| 1. | дактилограф | 210 бода |
| 2. | комунален извршител | 239 бода |
| 3. | возач-курир | 240 бода |

Член 5

На работникот му се зголемува основната плата 0,5% (додаток) за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

Член 6

Работникот со намалена и преостаната работна способност утврдена со Закон а кој е 5 години пред одење во пензија и е распореден на помалку вреднувано работно место, добива плата во висина на основната плата од претходното работно место, валоризирано за месечниот пораст на плата кај работодавачот.

Член 7

Работникот кој е распореден на работи во смени односно турнуси, има право на додаток од 5% од износот на основната плата и додаток за плата по час.

Член 8

Работникот кој при вршењето на работните задачи е изложен на висок ризик по неговиот живот или здравје има право на додаток на плата, во зависност од видот на ризикот, во висина од 15% од износот на основната плата.

Член 9

Работникот кој ќе биде ангажиран да работи за време на неделен одмор има право на онолку слободни часови колку бил ангажиран за време на неделниот одмор или има право на додаток на плата во висина од 5% од основната плата, во зависност од часовите поминати на работа во неделен одмор.

Член 10

Работникот за работа за време на државен празник поминато на работа има право на додаток на плата во висина на 50% од износот на основната плата.

Член 11

Работникот кој работи подолго од работното време има право на додаток во висина на 35% по час од износот на основната плата.

Работникот од став 1 на овој член доколку работи подолго од полното работно време, има право времето поминато на работа подолго од полното работно време да го замени со слободни часови.

Член 12

Работникот има право и на други надоместоци, и тоа:

- за патни и дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и странство
- за трошоци за користење на приватни возила за службени цели
- за трошоци за одвоен живот од семејството
- за селидбени трошоци
- за превоз до и од работа (над 2 км.)
- за оброк
- за трошоци за работа на терен
- за трошоци за погреб во случај на смрт на работник или член на неговото потесно семејство (брачен другар и деца родени во брак, надвор од брак, посвоени деца и деца земени на издржување
- за штети при елементарни непгооди
- за трошок при долготрајно боледување на работникот

Висината на надоместоците од став 1 на овој член за секоја година се утврдуваат со Одлуата за извршувањето на буџетот на Општината Штип.

Член 13

За време на штрајк работникот има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец.

Член 14

Доколку работникот биде суспендиран од работното место за време на траењето на суспензијата има право на плата во висина од 60% од последната исплатена плата.

Член 15

Работникот кој со посебни ангажирања и квалитет во извршување на работите позначително ќе придонесе во органот, може да му се додели парична награда во висина од една негова просечна плата.

Член 16

На секој работник вработен во општинската администарција на Општина Штип висината на платата работодавачот ќе ја утврди со посебно решение за плата.

Член 17

Овој Правилник ќе се објави во "Службен гласник на Општината Штип", а ќе се применува осмиот ден по објавувањето.

Број 04-2969/1
9 октомври 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општина Штип,
Панде Сарев, с. р.

# С О Д Р Ж И Н А


| Р.б. | | страна/број |
|---|---|---|
| 218. | Решение за објавување на Решението за престанок на мандат | 227/11 |
| 219. | Решение за престанок на мандат | 227/11 |
| 220. | Решение за објавување на Решението за избор на претседа-тел и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Штип | 228/11 |
| 221. | Решение за избор на претседател и членови на Верифика-ционата комисија на Советот на Општината Штип | 228/11 |
| 222. | Решение за објвување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 229/11 |
| 223. | Заклучок за усвојување на Извештајот за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 230/11 |
| 224. | Решение за објавување на Решението за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 230/11 |
| 225. | Решение за верификација на мандатот на член на Советот на Општината Штип | 231/11 |
| 226. | Решение за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Кандидационата комисија на Советот на Општината Штип | 231/11 |
| 227. | Решение за избор на претседател и членови на Кандида-ционата комисија на Советот на Општината Штип | 231/11 |
| 228. | Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот на Кандидационата комисија на Советот на Општината Штип | 232/11 |
| 229. | Заклучок за усвојување на Извештајот на Кандидацио-ната комисија на Советот на Општината Штип | 233/11 |
| 230. | Решение за објавување на Решението за избор на претсе-дател на Советот на Општината Штип | 234/11 |
| 231. | Решение за избор на претседател на Советот на Општи-ната Штип | 234/11 |
| 232. | Решение за објавување на Решението за измена и допол-нување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип | 235/11 |
| 233. | Решение за измена и дополнување на Решението за именување претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања на Советот на Општината Штип | 235/11 |
| 234. | Решение за објавување на Одлуката за востановување на општински награди и признанија | 236/11 |
| 235. | Одлука за востановување на општински награди и признанија | 236/11 |
| 236. | Правилник за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плати на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општината Штип | 238/11 |